## Филдсова и Неванлинова награда за математика

Како што знаете, секоја година се доделува Нобелова награда за книжевност, економија, физика, медицина и мир. Забележувате дека, Алфред Нобел во списокот на науките за кои се доделува неговата награда не ги ставил биологијата, теориската физика, математиката и некои други наули. За причините заради кои математиката не е на овој список, меѓу математичарите, кружат бројни анегдоти, меѓутоа фактите говорат нешто друго. Имено, Нобел, пронаоѓачот на динамитот, наградите им ги наменил само на откритијата кои му носат непосредна корист на човештвото, а не за фундаменталните научни откритија. Токму затоа, многу биолози кои се носители на оваа престижна награда истата ја имаат добиено за истражувања кои се во врска со медицината.

Но, и за достигнувањата во математиката се доделува соодветна награда. Имено, на предлог на шведскиот математичар **M.G.Mittag-Leffler**, канадскиот математичар **John C.Fields**, успеал да собере почетен цапитал за оформување на фонд од кој, за исклучителни резултати, ќе се наградуваат најдобрите математичари од целиот свет. Така, почнувајќи од X меѓународен математички конгрес (ММК) во Осло 1936 год., Филдсовиот медал и паричната награда се доделуваат секоја четврта година, за време на одржувањето на ММК, на четворица математичари. Со цел да се поттикне истражувачката работа, медалите и наградите се доделуваат на математичари кои во моментот на примањето имаат помалку од 40 години.

Самиот Филдсов медал го има следниот изглед: на предната страна на медалот е ликот на Архимед со натпис”**Архимед**” на грчки јазик. Околу ликот е испишан натпис на латински јазик:”**Да се надминат човечките можности и да се запознае вселената**”. На грбот на медалот е натписот:”**Математичкиот свет е чекор кон знаењето**”.На 22.ММК, кој се одржа во Цирих август 1994 год, Филдсови медали и награди добија:Жан Бурге нод Белгија, Пјер-Луј Лион од Франција, Жан Кристоф Јокоз од Франција и Јефин Зељманов од Русија.

Покрај Филдсовиот медал, кој е пандант на Нобеловата награда во другите науки, пред петнаесеттина години, на иницијатива на Хелсиншкиот универизитет, воспоставена е Неванлиновата награда, во чест на Финскиот математичар Ролф Неванлине. На конгресот во Цирих, оваа награда ја доби Ави Витгерсон, кој работи на Хебрејскиот универизтет во Ерусалим.

Следниот, 23.ММК ќе се одржи во Берлин, 1998 година.